СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 17 мај 1995 година

Скопје, мај 1995 година

**19-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 17 мај 1995 година**

**1.** АТАНАСОВ ВАНГЕЛ - стр.14
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД – 15
3. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР - 3, 22
4. БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО - 32
5. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 16, 18, 19, 21
6. ВАНГЕЛОВ АТАНАС - 30, 32
7. ДОНЕВСКИ СЛОБ0ДАН – 25
8. ЖУТА БЕЌИР – 35
9. ИВАНОВ РИСТО - 29, 30, 46
10. КАРОВ ЗВОНКО – 27
11. КОТЕВСКИ СЛАВКО – 48
12. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО – 24
13. МАЛИЧИ НАЗМИ – 26
14. МУСОВСКИ ФЕРИД – 33
15. МАЛИНСКА ПЕРСИДА – 39
16. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ - 43
17. МИТЕВСКИ ДРАГАН - 47, 49, 50
18. НИКОЛОВСКИ ДУШКО - 43
19. ПАУНОВ ТОДОСИЈЕ - 15, 21
20. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 5, 6, 11, 14, 15, 16, 19, 21
21. ПЕЦОВ МИРКО - 35
22. РАМАДАНИ ХИСЕН - 13
23. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 6
24. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 11, 28, 29, 30
25. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦЕ - 23
26. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 37, 38
27. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 41
28. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 42
29. ТЕМЕЛОВСКИ ЗОРЕ - 10
29а.ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 44, 46
30. ТРАЈАНОВ МИЛЧО - 12, 13
31. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 13
32. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 14, 40
33. ТРАЈАНОВСКИ ПЕТАР - 24
34. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР - 42
35. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 26
36. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО - 22
37. ШУНДОВСКИ ЈОРГО - 14, 21, 37, 38, 51

Дневен ред на стр.7
Пратенички прашања од стр.11-48

седницата продолжува на 18 мај 1995

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 мај 1995 година

Седницата се одржа во сала I во Собранието на РМ, со почеток во 15,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 19-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов и Зоран Крстевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство од пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров и претседателот и членовите на Владата на РМ.

Записниците од 16-та и 18-та седница ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците?

(Нема)

Констатирам дека записниците од 16-та и 18-та седница на Собранието на РМ се усвоени без забелешки.

Претседателот на Собранието го дополни предлогот на дневниот ред со Изборот на судии на Врховниот суд на Македонија, имајќи ја предвид потребата што поскоро да се избере доволен број судии заради

остварување на функцијата на општата седница на Врховниот суд на РМ, за што е потребно да бидат избрани најмалку 2/3 од Вкупниот број на судии на Врховниот суд на РМ.

Во меѓувреме, претседателот на Собранието е известен за потребата од дополнителни консултации во пратеничките групи, поради што овој предлог се повлекува и се одлага за наредната седница на Собранието.

Владата на РМ го повлече од собраниска процедура предлогот за донесување закон за ратификација на Спогодбата меѓу РМ и Федерацијата на Малезија за регулираше на визниот режим меѓу двете држави, со Предлог на закон.

Владата на РМ побара поради отсуство на министерот за одбрана д-р Благој Ханџиски да се одложи разгледувањето на Предлогот за донесување на закон за воена академија, со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за одбрана, со предлог на закон од оваа седница.

Владата на РМ побара од оваа седница да се одложат предлогот на закон за обележување, уредување и одржување на гробовите на борците погребани на територијата на РМ и во странство, како и на припадниците на странските армии од поранешните војни на територијата на РМ, предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народно-ослободителната војна и Предлогот на закон за правата нас воените инвалиди, на лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци.

Предлагачот на предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок од добивка, со Предлог на закон, пратеникот Благоја Стефановски побара да се одложи за наредната седница на Собранието расправата по Предлогот на овој закон заради обезбедување дополнителни податоци за средствата што се вложуваат во областа на културата.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати.

Предлогот на закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основаната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор г-дин Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, приредувањето на игрите на среќа во РМ се остварува согласно одредбите на Законот за игри на среќа и за забавните игри на автомати донесен во 19 87 година, кој е застарен и несоодветен на пазарното стопанство и без строго дефинирани услови и критериуми за приредување на игрите, што е особено изразено по укинувањето на одделни членови од Законот од страна на Уставниот суд на РМ. Имено, со укинувањето на дел од одредбите на Законот право на приредување на игри на среќа, покрај на правните, им се даде и на физичките лица. Со тоа не само што се зголеми бројот на поднесените барања за приредување игри, туку се омасови појавата диво приредување на сите видови игри на среќа, на што укажуваат резултатите од извршените

контроли во првите месеци од годинава. Без одобрение во Скопје работат 4 казина - Хотел Континентал и три приватни куќи, во Струмица работи казино во зградата на Собранието на општината, во Битола работи казиното "Американ палас", село Крабари, за кое е одземена дозволата. Во Охрид Тетово и Гостивар масовно е и диво приредувањето на бинго, а автомати за игра на среќа без одобрение се поставени речиси во секое населено место.

Во последно време се почеста е појавата на приредување лотарии и наградни игри, исто така без одобрение од надлежен орган.

За утврдените неправилности во приредувањето на игри на среќа Законот предвидува казнени мерки, односно поднесување на пријави за поведување постапка за стопански престап односно прекршок кои се судски постапки и во основа траат долго. Има случаи за еден субјект да бидат поднесени повеќе пријави, но истиот продолжува со работа до окончување на судската постапка.

Сето ова укажува на фактот дека оваа дејност се оттргнува од контролата на државата со опасност, доколку наитно не се преземат соодветни мерки, да поприми димензии на стихијност.

Заради тоа, а до донесувањето на нов закон со кој ќе се регулира оваа чувствителна област, има итна потреба со Законот покрај судската постапка да се даде можност надлежниот орган во постапката на надзор да презема и управни мерки, привремена забрана на приредување на игри со запечатување на деловната просторија во која се приредуваат игрите и со запечатување и привремено одземање на апаратите со кои се приредуваат игрите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на Владата молам да крене рака.

(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој) К

Констатирам дека е усвоен предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка.

Пратеникот Наќе Стојановски поднесе Предлог за донесување на закон за обезбедување на средства за отстранување на последиците од земјотресот од општините Битола, Демир Хисар, Охрид и Ресен, со Предлог на закон и предлага да се претресе на оваа седница.

Во меѓувреме, и пратениците Александар Гештаковски, Благоја Стефановски, Живко Јанкуловски, Славко Котевски, Вељо Тантаров и Бранирод Михајловски доставија допис со кои го известуваат Собранието дека и тие се предлагачи на овој закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот Ви е доставен.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот е доставен до Владата на РМ но се уште нема мислење по него од Владата.

Има збор г-динот Наќе Стојановски.

II/1.-/JM/OM

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на тоа дека до овој момент Владата на Република Македонија нема изградено мислење по однос на поднесениот закон, јас во име и на другите предлагачи што се потписници на предлогот го повлекуваме од оваа седница со обврска да биде ставен на дневен ред на наредната прва седница на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Комисијата за здравство предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлози на одлуки за давање согласност на статути на јавни здравствени организации.

Предлозите на одлуките и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за разрешување на судија на Општинскиот суд за прекршоци во Куманово.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Кој е за Предлогот на Комисијата молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака)

II/2.-

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата е усвоен.

За седницата го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за основање на Центар за образование на кадри за областа на безбедноста;

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати;

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за меѓународен патен превоз на патници и стока, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за соработка во областа на образованието меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за пријателските односи и соработка меѓу Република Македонија и Република Хрватска, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем меѓу Меѓународната банка за обнова и развој и републичката самоуправна интересна заедница за патишта за Проектот за подобрување на транспортот, со Предлог на закон;

II/3.-

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за научна, техничка и економска соработка на полето на земјоделството помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за јавните претпријатија;

9. Предлог на одлука за одбележување годишнини на значајни настани и личности во 1995 година;

10. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за целите и задачите на монетарно - кредитната политика во 1995 година;

11.Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Работната организација за одмор и рекреација на деца "Младост" - Скопје;

12. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Комбинираната детска установа "Бамби" - Македонска Каменица;

13. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација - Медицински центар- Тетово;

14. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Свети Николе;

15.Предлог на одлука за давање согласност на Статутот

на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Македонски Брод

16. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Демир Хисар;

17. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Неготино;

18. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Гоце Делчев"-Делчево;

19.Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација - Здравствен дом - Виница;

20. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Скопје;

21. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Берово;

22. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација "Здравје"-Валандово;

23. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Републички завод за здравствена заштита - Скопје;

24. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид;

25. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Аптека "9 Ноември" од Титов Велес;

26. Предлог на одлука за разрешување на судија на Општинскиот суд за прекршоци во Куманово.

Дали има некој друг предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

II/5.-

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитувани колеги, би сакал да предложам измена на дневниот ред и наместо точката што е под број 6 - Предлог за донесување закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за меѓу заем меѓу Меѓународната банка за обнова и развој и Републичката самоуправна интересна заедница за патишта за Проектот за подобрување на транспортот , да биде под број 1, бидејќи тој заем е одобрен и треба што поефикасно да се користи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова е за измена на редоследот на точките. Тоа можеме после, откако ќе го усвоиме дневниот ред.

Значи, можам да констатирам дека нема нови предлози.

Ако нема нови предлози, кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Бидејќи имаме предлог прва точка да биде ратификација на Спогодбата меѓу Македонија и Меѓународната банка, кој е за пред- логот, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

II/6.-

Преминуваме на пратенички прашања.

Г-динот Томислав Стојановски има процедурално прашање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседавач, почитувани колеги, ние се договоривме да на една седница , дали прва, или последна во месецот да биде посветена на пратенички прашања за да се подготвиме, претставниците на Владата да бидат тука, да не ги собираме , нека ми извинат на зборот, си имаат и тие работи и да тие прашања имаат и содржина и континуитет. Вака ние сега не знаеме на кои прашања добиваме одговори. Може да се случи тоа прашање да е поставено пред 3,4, па дури и 5 седници. Предлагам ако се согласат колегите евентуално уште денеска ако имаме некои одговори да се актуелни, или подобро да закажеме на прва, или која седница се договориме и одговорите на овие прашања и евентуални прашања и таа седница да ја наречеме седница за поставување на пратенички прашања и да си има свој институцијален карактер.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи еднаш расправавме, деловничко право е на пратениците пред почетокот на расправата по седницата да поставуваат пратенички прашања. Ние можеме да се договориме да немаме пратенички прашања, можеме да се договориме на крајот на седницата, можеме на почетокот на седницата. Според тоа работа е на Собранието да одлучи дали ќе работиме на овој начин на кој што предложи и г-динот Стојановски. Мислам дека еднаш и се договоривме. Сега одиме на оваа седница на поставување на пратенички прашања, па ако Собранието смета дека само на посебна седница треба , тоа треба и Деловникот , а и треба и да се гласа за тоа.

II/7.-

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците: Никола Поповски, Дане Милошевски, Димитар Трпеновски, Руфи Османи, Насер Зибери, Хисен Рамадани, Бранко Арсовски, Мирко Пецов, Зоре Темелковски Здравко Стојковски, Тодосија Паунов, Мирко Трипуновски, Ѓорѓи Атанасов, Славко Котевски, Илија Каров, Нано Ружин, Јован Николов, Зоран Шапуриќ, Милчо Трајков, Јован Лазаров, Наќе Стојановски, Атанас Вангелов, Вељо Тантаров, Митко Ристов, Славчо Спасов, Горѓи Атанасов, Слободан Најдовски, Газменд Ајдарага, Фаик Абди, Илија Каров, Стојан Ковачевски, Мевљан Таири, Томислав Стојановски, Љубисав Иванов, Звонко Каров и Николина Трајановска.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања, во врска со истите имаат дополнителни прашања?

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитувано претседателство, дами и господа. Пред две седници на Собранието поставив две прашања. На прашањето упатено до Министерството за образование и физичка култура добив одговор со кој не сум задоволен. Мислам дека до деталниот и опширен одговор се елаборира со податоци кои нецелосно коинцидираат со вистината. Материјалните средства на граѓаните на Титов Велес преку самопридонесот е минимилизирано. Затоа во писмена форма и во директен контакт ќе барам додатни податоци и одговори од Министерството.

На второто прашање се уште немам добиено одговор. Заради ова како и поради голем број на други неодговорени прашања , дозволете да кажам неколку збора за Институтот пратеничко прашање и функцијата на пратеник.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, за тоа ќе отвориме посебна расправа ако треба.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Не сум задоволен затоа што досега не ми е одговорено, а има поминато два месеца. Не сум задоволен од односот на министрите спрема пратениците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Можете да предложите и да расправаме на некоја од наредните седници за институтот пратеничко прашање и односот на Владата кон него.

Дали имате други пратенички прашања.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Простете, некој застој има во комуникациите. Јас не сум добил ни еден одговор на поставените прашања. Излегов само да кажам дека го задржувам правото да си кажам дали сум задоволен кога ќе ги добијам одговорите. Веројатно можеби и се стигнати во Собранието, јас не сум ги добил.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Јас немам целосно добиено одговори на поставените пратенички прашања, но сега самое дна процедурална забелешка.

Во одговорот на Министерството за стопанство каде што јас барам кој ја координира националната и општа "туристичка'", а не "корисничка". Доаѓа до забуна во однос на поставеното прашање и одговорот кој што е даден.

II/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Рамадани, овде имаме одговор од Владата на Вашето прашање кое што е примено во Собранието на 14.о4.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Пред две седници поставив пратеничко прашање до Владата во врска^со прашањето на Битолското село Биљаник. Прашав кога ова село ќе биде преселено во друга работна и животна средина, бидејќи над него веќе копот од јаловината од РЕК Битола се издига како втора Селечка планина. Досега немам добиено договор. Дали ќе треба уште еднаш да го поставам ова прашање, или пак и понатаму треба да се чека одговор.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

По однос на ова прашање за селото Биљаник Владата на својата седница расправаше за истата точка, зазеде пооделни ставови. Остануваат да се направат контакти со луѓето кои живеат во тоа село во однос на договарањето по нивните барања од имотно - правен карактер и на некој начин со тоа ќе се заврши комплетната процедура околу самото село Биљаник. Веднаш после тоа ќе може да биде даден и одговорот на поставеното пратеничко прашање.

**ВАНГЕЛ АТАНАСОВ:**

Ова е во врска со состојбата на Дојранското езеро. Тука имаме еден исцрпен одговор од Владата, иако е краток. Се дава историјатот на Социјалистичка Република Југославија со Грција таму некаде до 12 јуни 1970 година. Меѓутоа, тука немаме никакви модалитети на решение на тоа прашање. Јас не очекувам дека и тие можат да се дадат со оглед на состојбата во која се наоѓа Република Македонија по однос на соседите.

Меѓутоа сметам дека таа ситуација не треба и не може да се препушти сама на себе и верувам дека ние би дошле до некој старт од нулта позиција по тоа прашање доколку би покренале собраниска расправа. Јас ќе го сторам тоа, но тоа ќе го направам на писмен начин.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Јас го поставив прашањето кога ќе се донесе законот за плати, а не добив одоговор. Барам да ми се одговори, кога ќе се донесе законот за плати за државните служби, односно за корисниците на буџетот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, расправаме само за оние прашања на кои што е добиен одговор, а не сте задоволни. Ако сакате да поставите ново пратеничко прашање дополнително, за тоа можеме покасно. Сега да завршиме со овој дел.

Дали има, или нема повеќе (нема) .

Поминуваме на поставување на нови пратенички прашања.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

До Владата, односно до надлежните министерства ќе поставам две прашања.

Колку и кои меѓудржавни договори се склучени со Република Албанија, а кои се во постапка. Тоа е првото прашање.

Второто прашање, дали се планира формирање на друштво за македонско - албанско пријателство, бидејќи слични друштва постојат со други и дури и подалечни земји.

II/11.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Владата писмено.ќе одговори на ова прашање.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван пртпретседателе, почитувани пратеници, би сакал да ја искористам институцијата пратенички прашања и да поставам одредени проблеми на повисоко ниво. Би сакал Владата да ме информира зошто толку долго се чека, се чекаше и се чека се уште со припремањето и доставувањето на предлогот на закон за обезбедување на материјални средства за санацијата на штетите предизвикани од земјотресот од 1 септември 1994 година во општините Битола, Демир Хисар, Охрид и Ресен.

Во склоп на ова прашање би сакал да знам каде е моментално предлогот на законот, бидејќи јасно е дека тој се спремаше, а се уште не ја има видено светлината на денот. Група пратеници евидентно и денес се распраравме за тоа, покренуваат иницијатива за донесување на ваков закон. Дали е тоа јасно се демонстрира незаентересираноста на Владата за состојбата и неприликите на граѓаните во одреден регион на Републиката во што навистина не би сакал да верувам, или е тоа само индивидуален хир и недостиг на слух на одделни членови на Владата. За ова би сакал конкретен одговор, кога, каде и како се движел материјалот за предлогот на закон со термини на работа врз него, бидејќи после поминатата зима без обезбедени средства за санација, мислам дека одговорот денес ќе им го должиме на граѓаните од регионот.

На крај по ова прашање користам прилика да го поканам министерот кој го чува,на разгледување е предлогот на законот, се разбира доколку сам се пријави, или пак доколку добие информација

од Владата кој е тој министер, да дојде во Битола во посета, па покрај протоколарниот дел ќе има шанси на лице место во какви услови ја поминаа зимата дел од Битолчани.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ** (продолжение)

Во Службен гласник од 23 декември 1989 година се вели: "Формирано е јавното претпријатие за јавно зеленило и комунална хигиена, кое подоцна се применува во јавно претпријатие "Комуналец"

Меѓу другите дејности кои со таа одлука му се доделени на јавното претпријатие "Комуналец" е и дејноста под шифра 390 односно други комунални дејности, гробишта и погребални услуги. Со оглед на вака доделената дејност, уредувањето и одржувањето на гробиштата остана во домен на ова јавно претпријатие. Нагласувам уредување бидејќи одржувањето, бидејќи е тоа јавно претпријатие, еволуирајќи во својот развој успеа да се наметне и да продава и гобни места. Имено се работи за следното:

Јавното претпријатие наплаќа одредена сума доколку некој граѓанин сака да добие гробно место. И можеби се би било во ред доколку таа сума осне во рамките на симболиката, како и реалните трошоци околу уредување на ова место. Но, во овој случај се работи за позамашна сума односно за скоро 20 илјади денари или изразено во ДМ околу 700 ДМ. Па иако е од нив, сепак е многу.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам господине Видимче поставете го прашањето.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Морам малку да го образложам прашањето, ќе ми опростите, бидејќи не е само едно прашање во склоп на ова туку се група на прашања токму во склоп на оваа функција на претпријатието.

Спецификата на сето тоа е што тие обавуваат јавна функција и се апсолутен монопол во таа област. Во случај на недајбоже смртен случај фамилијата морајќи да обезбеди гробно место за покојникот нема каде

да се обрати освен во јавното претпријатие. Тука стапува на сила нивната еволуирана сила бидејќи во такви моменти кога на човек, кога би се рекло двете нозе му се во еден чевел, тие си наплаќаат толку колку им треба. Велам толку колку што им треба бидејќи сепак според важечките прописи целокупното земјиште е на Република Македонија и никој ама баш никој нема "право тоа земјиште да го продава посебно не земјиште наместо за гробишта. На страна од сето тоа што јавното претпријатие се однесува апсолутно монополистички.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас се извинувам што ве прекинувам, меѓутоа ако треба да отвориме расправа по тоа прашање, откако ќе добиете одговор можеме да водиме расправа. Сега ве молам да го поставите прашањето.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Добро, ќе поставам прашање, ќе бидам конкретен.

Ги поставувам следните прашања во врска со оваа област.

Прво, како е можно јавното претпријатие "Комуналец"од Битола да врши продажба на гробни места иако таа пракса не е застапена во останатите градови во Македонија, а во основа е тоа што јавното претпријатие "Комуналец" не е овластено во името на Републиката да продава земјиште.

Како мисли Владата на Република Македонија да ја спречи оваа појава. Што мисли да направи Владата на РМ со средствата кои до сега ги побара комуналното претпријатие на име на гробни места, како мисли да ги повлече назад. Мој предлог е тие средства евентуално да се наменат за уредување на тие гробишта.

Како мисли Владата на РМ да обезбеди пристап на останатите субјекти од оваа област во гробиштата, а најповеќе на граѓаните, бидејќи гробиштата редовно се држат заклучени и без право на било кого внатре и на возилото.

III/3.-

Како мисли Владата на РМ да спречи понатамошни ширења на старите градски гробишта, за чие ширење веќе е донесена одлука од општинското собрание уште во 1983 година. И покрај таа одлука има масовно отворање на нови гробни места во старите гробишта.

На крајот барам Владата дами одговори за легалното или нелегалното користење на цените на комуналните услуги што ги применува јавното претпријатие во Битола за подигање на сметот и погребалните услуги.

Понатаму како друг вид на прашања поставувам следното:

Би сакал Владата на РМ односно Министерството за правда да ми одговори на следното прашање:

Кого и од што штити општинското јавно правобранителство, како што пишува на печатот на таа институција, или јавно правобранителство како што тие се потпишуваат на своите акти во општина Битола.

Имено во Општински суд во Битола е поднесена тужба од приватни лица и по таа тужба, во насловот стои дека е поднесена против Република Македонија односно Собрание на општина Битола, застапувано од Јавното правобранителство. На повикот од општинскиот суд Јавниот правобранител одговори дека не може да го застапува интересот на општината, елегантно ја одби понудата, тврдејќи дека веќе се произнел по тој предмет уште пред да се покрене спор, нормално спротивно на интересите на општината. Согласно сето тоа барам одговор од Владата Би бил малку конкретен, за сите овие три прашања да се најде можност да се одговори нешто во пократко време бидејќи сепак сведоци сме дека на одговори на претходните прашања добивме после два месеци. Би замолил, со оглед на акутноста на состојбата првото и второто прашање што може побрзо да се одговори.

Барам писмени одговори.

III/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Шундовски сака усмено да одговори на едно прашање.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

ПО однос на првото прашање пошто нема потреба да се даде писмен одговор да кажам дека на закажаната седница за 22 овој месец една од точките на дневен ред на Владата е и Законот за штетите претрпенб4 од земјотресот на подрачјата Демир Хисар, Ресен, Битола и Охрид.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Се извинувам за коментарот но сепак, со оглед на тоа што од земјотресот кој се случи на 1 септември и конечниот извештај даден на крајот на октомври. Значи поминаа веќе 6-7 месеци и тоа е мислам доста голем период. Затоа би сакал да ми се одговори комплет каде е и како се движел материјалот за да знаеме и ние и граѓаните ако некаде застанал законот, каде застанал.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи пратеникот бара псимен одговор, треба така и да му се одговори.

Има збор господинот Тодосија Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Би поставил едно прашање до Владата на Република Македонија и барам да ми се одговори, може писмено може и усмено. Прашањето гласи

Заради заштита на домашното производство, кога ќе се донесе Законот за царинска тарифа. Беше предложен од Владата на РМ меѓутоа каде е неговата судбина, не знам. Затоа барам тој закон да биде побрзо донесен заради заштита на домашното производство.

III/5.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Законот аз царинска тарифа пред Владата сеуште не е предложен и тој не е во процедура која обезбедува расправа на Владата на РМ по него. Но, законот за царинска тарифа се изработува и до пред извесно време, бидејќи тоа е доста комплицирана проблематика која што во основа треба да ги воспостави односите во надворешно трговскиот режим, уште повеќе врз тие основи да го заштити домашното производство и уште п&веќе да ја обезбеди развојната компонента, е во фаза на изработка.

Пред да се одговори конкретно на поставеното прашање јас само би потсетил дека после она што ние во минатата година се изборивме како држава да станеме провизорна членка на тогашниот ГАТ, се обезбедија нужните услови рационално да се пристапи кон изработка на овој закон и до овој момент изработени се сите номенклатури и наименовања по тој закон. Тоа значи дека со таа крупна ангажираност која резултираше со изработка на тој дел од законот се обезбедени оние норми кои треба да обезбедат тој да биде компатибилен со оние закони што ги признава општиот договор за економска соработка. Во овој период се изработуваат останатите делови од законот, а тоа се стапките во увозот и режимите за извоз и увоз. Тоа е во организацијата на неколку министерства на ниво на меѓуресорска група и мислам дека после таа работа која треба да се заврши тој ќе влезе во владина постапка.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитувани пратеници барам од ресорните министерства на Владата на Република Македонија мислам и Министерството за финансии под итно да го преиспита Законот за определување на висината на есконтната камата, на основа на тоа затезни камати. Дали така добро гласи г-динот заменик министер Хари Костов може да ме исправи. Тоа, затоа што тој е донесен со Службен весник во претходниот систем на СФРЈ, мислам дека е 8 8 или 89 година, затоа што има такви

последици во актуелниот миг, затоа што тој закон е донесен кога имаше инфлација во Југославија од 2.000 до 3.000%, а при еден стабилен курс за последните две години мислам дека тој закон не 100% туку милион посто е надминат.

Поставувам го тоа како прашање и барам да ми се одговори во писмена форма, дали тој закон е актуелен или не е актуелен затоа што за 20.000 долари се случува за 15 месеци општествените претпријатија, не приватните да плаќаат 400 или 500 илјади долари. Со тоа се уништува општествениот капитал, а зошто? Затоа што во последните две години сите судски пресуди ги активираат затоа што знаеме сега е реизбор на судиите. Затоа барам во писмена форма ресорното министерство да се изјасни по овој закон кој веќе милион посто е надминат.

**ПЕЦЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Сакам да поставам две пратенички прашања.

1. Извозно ориентираните претпријатија во текот на 1994 година и оваа година имаат потешкотии во своето работење. Еден од проблемите со оваа состојба се пред се изразени со падот на вредноста на доларот со високите камати, со несоодветниот однос на државата во однос односно областа на економската политика кон извозниците, монетарната политика која не е во функција на извозно ориентираните колективи, немање на ивзозни стимулации.

Прашувам дали Владата на РМ ќе воведе извозни стимулации за некои од извозниците и од кога истите ќе се исплатуваат.

2.Собранието на Република Македонија на својата седница одржана на 15 март 1995 година го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во член 22 од овој закон е предвидено: "Со домовите и становите за живеење на корисниците на пензија, објектите наменети за клубови за дневен престој,објектите наменети за одмор и рекреација на корисниците

на пензија и други објекти што се државна сопственост, управува Фондот.

Прашувам дали Министерството за финансии има евиденција за овие објекти предвидени во член 22 од овој закон. Дали располага со докази за сопственост, поединечно за секој објект.

Молам да ми се достават податоци за секој објект кој се води како државна сопственост: каде се наоѓа објектот, кога е изграден и со чии средства, неговата намена односно за што се користи.

Барам писмен одговор.

**ПЕТАР ТРАЈАНОВСКИ:**

Имам едно прашање до Владата на РМ односно до Министерството за земјоделие, шумарство и водстопанство.

До кога и зошто со месеци чекаат десетици и повеќе шумско - стопански основи за потпис односно зошто истите не се одобруваат од страна на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство кога истите изготвени согласно постоечкиот и важечкиот закон за шуми од страна на овластени и стручни организации и за истите е извршена рецензија од страна на стручни комисии формирани од Министерството за земјоделие, шумарство и водстопанство на РМ, а за истите се потрошени огромни средства, а со нивното неодобрување се кочи понатамошното работење на претпријатијата кои стопанисуваат со шумите.

Барам писмен одговор.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Јас имам само едно пратеничко прашање. Прашањето се однесува на Министерството за култура и ресорниот министер, а поради нивно отсуство секако ќе добијам писмен одговор.

III/8.-

Веќе 6 месеци Народната библиотека, единствена во Гостивар е затворена, односно не работи од причини што просториите и се одземени и се дадени на други сопственици, а Министерството за култура од тогаш веќе 6 месеци е запознаено со тоа и со писмо број 16-61 од 30 април 1995 година, ветено е дека ќе се реши просторниот проблем со преместување во Домот на културата АСНОМ во Гостивар.

Прашањето е зошто се одолговлекува толку и кога ќе се реши просторно*го прашање на единствената библиотека во Гостивар.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, моето прашање е до ресорното министерство за сообраќај.

Имено, станува збор за состојбата во Свети Николе, а мислењето сигурно ќе го поздрават и општините Пробиштип, Делчево и Берово, Тоа е во врска со состојбата во телекомуникациите и автоматските телефонски централи кои се застарени повеќе од 35 години, руинирани и амортизирани.

Зошто прашањето е наменето до ресорниот министер? Бидејќи тој ја покрива проблематиката и во овој програм и развој на програмот еве веќе три пати се мимоидува оваа проблематика.

Прашањето е до Министерството оваа проблематика да се стави во оваа програма да не не мимоидат, бидејќи времето одминува, а се работи за поголеми суми . Инаку за една централа тоа е некаде од 5 до 7 милиони ДМ.

Барам писмен одговор.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Проблемите сврзани со водоснабдување, вода за пиење и за наводнување на земјоделските површини станува го се поургентни во најголемиот дел на државата. Оттука поставувам прашање на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство дали се прави или има порокот за рационално и сеопфатно економско и хигиенско стопанисување со водите и тоа, детализирани проекти поодделно за секое подрачје. Прашањето го поставувам затоа што сметам дека во низа подрачја се чувствуваат големи недостатоци за задоволување на потребите од вода, за наводнување и за пиење. Дури имаме и парадоксални состојби, така што и подрајчата штос е под Шара како што е Полог чувствуваат недостиг од вода, иако објективно тука има вода во изобилие. Да не зборувам за реонот наречен Дервен на просторот помеѓу Тетово и Скопје во кое владее традиционална криза за водоснавудвање на населението.

Молам одговор да ми се даде на писмено:

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Збор има г-дин Маљичи:

**НАЗМИ МАЉИЧИ:**

Имам пет пратенички прашања до соодветни министерства, не сум ди определил.

1. Зошто не е попратен ,во компактно неразвиени села како ридско -планински селата: Црни Врв, Палиград, Дисовица, Малево, Горно и долно Количани, Патишка Река, Кадаруша и Цветово од општина Кисела Вода.

2. Дали ќе се опфатат во компактно неразвиени села како ридско планински села, селата: Руница, Алашевце, Извор, Белановце, и Злабучани - општина Куманово:

3. Зошто не е определена паркинг локација за таксисти во граничниот премин Табановце - Кумановско.

4. Дали е предвидена измена на детален урбанистички план на општина Кисела Вода и ако е предвиден, дали е предвидена локација пазар за продажба на неземјодеалска стока.

5. Колку има корисници на социјална помош во општина Кисела Вода и колку се од нив лица кои живеат во населените места: Студеничани, Батинци, Моране, Чифлик, Света Петка и Црни Врв.

На сите овие прашања ако е можно писмен одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Карорв.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Имам две прашања до Министерството за финансии:

Дали Министерството за финансии врши редовна контрола на посредниците или комисионери кои ,добиле решение од органот за јавни приходи за упис во даночниот регистар кои посредуваат во прометот на употребувани моторни возила, во смисла на нивно правилно пресметување на даночната основица на моторното возило кое подлежена обврска за редовна годишна регистрација, а која основица не може да е пониска од пазарната вредност, односно од вредноста на истото такво возило од каталогот на вредноста на употребуваните моторни возила. Дали при извршените контроли знатнос е отстапува од она што е предвидено со Законот на данокот на промет на производи и услуги. Тоа е првото прашање.

Второто прашање исто до Министерството за финансии каков е ефектот од примената на законот за персонален данок од доход т.е. данок од лични примања од вршење на стопанска и професионална

дејност во смисла на прибирање на средства за даночни обврзници кои претходната година данок на лични примања од стопанска и професионална дејност плакат според паушално утврден приход, а од оваа година, преку водење на деловни книги, книги на благајна, на жиро сметка, на основни средства, на должници и доверители, овде се мисли на даночни обврзници на класичните занаетчии а кои ги исполнуваат условите за плаќање на паушален износ, вршејќи услуги претежно со употреба на сопствена работна сила.

Ако може и сега, ако не може и писмено..

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали претставникот на Владата ќе одговори сега, или писмено (писмено)

Има збор Томислав Стојаноски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОСКИ:**

До Министерството за развој, дали може да се очекува ефектуирање на најавуваните долго време кредити за мини сточарски фарми. '

До Министерството за стопанство, дали ова Министерство има компетенции да повлекува од функција донесен закон веќе тука, се работи за Законот за трговија?

До Министерството за образование дали ќе се реализира прославата на 50-годишнината од Тетовската гимназија "Кирил Пејчиновиќ"

Четврто прашање до Министерството за правда, кои мерки ги презема ова Министерство за да се спречи узурпацијата на земјоделско земјиште сопственик на ЗИК "Тетово" - Тетово.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате писмен одговор?

Г-динот Иванов ќе одговори на второто прашање сега, а останатите ќе бидат одговорени писмено.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Прво, не знам на што се должат тврдењата за суспензија на Законот за трговија .Ако се мисли за она што беше бараше од трговците кои работат на мало на пазарите на мало, тогаш не се работи за никаква суспензија, туку би упатил, според член 54 од Законот за трговија, на сите трговци на мало им е даден рок од 3 месеци да извршат прилагодување според одредбите од овој Закон. Што значи, сите оние што имаат дозволи и решенија уредно, со заведено место каде ја обавуваат таа дејност, тој член 54 се однесува за нив. Сите оние што немаат такви дозволи и решенија, за нив и претходниот закон беше рестриктивен и ги санкционираше. Според тоа, воопшто не се работи за никакво суспендирање на Законот за трговија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Стојановски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАВНОСКИ:**

Ако дел од објаснувањето го сфатиме давање можност за прилагодување, адаптирање, сметам дека воопшто она што се вели дека се преземаат мерки према оние што не се регистрирани, сведоци сме дека на пазарот практично се се одвива по старо, онака како што било.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате одговор понатаму или не? (не)

Има збор г-динот Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Оваа констатација не можам да ја негирам, меѓутоа, бидејќи скоро беше Законот за трговија, таму јасно беше кажано - правото на секој трговец и на секој потрошувач кој смета дека некој остварува нелојална

конкуренција без да има дозвола да работи на места каде не му е дозволено, веднаш да го пријави во Министерството за стопанство.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали трговците кои имаат уредно пријавено дуќани, дејност и се сопственици треба да се претворат во инспекција, треба да се претворат во субјекти на Министерството за стопанство, дури и во краен случај, недај боже да се претворат во службеници на Министерството за внатрешни работи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас предлагам писмен одговор, инаку ќе ја претресеме точката.

Збор има г-дин Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Пријавата не значи инспекција. Не треба да се претвори никој во ништо, туку само да пријави. Тоа е прво.

Второ, да иницира, а инспекцијата ќе си ја направи таа работа и има интерес да се пријави, затоа што со нелојална конкуренција се губи профит за оној што работи нормално. Затоа е даден тој член во Законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Прашањето е до г-динот за култура, меѓутоа тој изгледа отиде затоа што очекуваше такво прашање, претполагам.

IV/6.-

Станува збор за тоа што состојбата со издавачката дејност и куќите што се занимаваат со издавање книги е речиси иста, ако не и идентична со состојбата на Дојранското езеро. Тие што беа на годинешниов саем можеа да видат дека повеќето од издавачите и немаа што да понудат освен стари изданија или, се на се имаше пет - шест книги обликувани во Македонија:

Сакам да поставам прашање до Министерството и за тоа ќе барам писмен одговор, се разбира детализиран, оние пари со кои располага Министерството на кој начин ги дистрибуира, а се однесуваат за издавачка дејност, со оглед на показатели дека добара дел од 1994-1995 година се ориентирани кон приватни издавачи што имаат многу лош или никаков квалитет и врз основа, се разбира, на кои критериуми? Јас знам дека има многу малку пари во тој Сектор, но имам показатели дека и тоа што го имаме го трошиме не како што треба.

Натаму, со оглед на тоа што ние сме сега во еден транзиционен период на приватизација, укинат е еден таканаречен институт каков - таков на оценка на тие книги или дела што треба да се финансираа Прашањето би било дали тоа Министерство да го решава арбитрарно или по свое наоѓање или по вкусот на министерот, што би требало да бидеа логично. Но, во секој случај не би можело да биде убедливо.

Натаму, дали Владата сега замислува некоја генерална политика или стратегија во тој поглед, затоа што, ќе се послужам сега со една мала демонстрација, во земјите со големи стопански и културни капацитети се уште владите во тој сектор имаат интервенционизам и најголем дел од стручните публикации и книги ги финансираат. Еве една таква книга (на пратениците им покажува книга ова е цепно издание наменето за широка публика. Станува збор за една многу популарна издавачка куќа која се вика "Ду сеј" кај французите, меѓутоа изворните

изданија на тие книги што се појавуваат пред овие, наменети за широка публика секогаш се финансирани од Владата и тоа е еден спектар од можеби 10-20 дисциплини, како антропологија, архитектура, уметнсот, кино, цивилизации, демографија, економија, естетика, етнологија географија, историја итн....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прашањето ве молам поставете го.

**АТАНАС ВЕНГЕЛОВ:**

Тоа го прави Франција, Англија, Америка, т.е. светските империи и сили.

Прашањето е дали Владата има намера да финансира и да интервенира во овој Сектор. Писмено и образложено со оние други одговори како се трошени парите за издавачка дејност 1993 и 1994 година систематскиот дел. Тоа е едно прашање.

Второ прашање, како ги финансира професионалните здруженија како Друштво на писатели, Ликовни уметници, Музичари итн., и со колку го финансира македонскиот ПЕН клуб, една така елегантна и фина кастинска организација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Беличев.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

До Владата поставувам две прашања и до надлежните министерства.

Првото, респектирајќи ја потребата на стопанството на општина Кочани, Собранието на општина Кочани уште пред една илол година

покрена иницијатива за отворање на царински терминал во општина Кочани. Оваа иницијатива беше прифатена од страна на Владата и Републичката царинска управа. Појдувајќи од ова, во општина Кочани се преземени одредени активности за реализација на оваа иницијатива.

Прашањето е следно, зошто се доцни со преземање со конкретни активности од страна на надлежното министерство за реализација на оваа иницијатива во Кочани, бидејќи со ова се создаваат подобри услови за работа и кога мисли и што да преземе надлежното министерство по однос на реализација оваа иницијатива, а со цел за создавање поквалитетни услови за работа на стопанството во општина Кочани.

Второто прашање, уште во 1990 година Собрнаието на општина Кочани донесе одлука и ја отпочна постапката за отворање за формирање музеј во Кочани. Во 1991 година добиена е и согласност од тогашниот министер за култура. Истата година формирањето на музејот е регистриран и во Стопански суд Штип. Општината ги има обезбедено потребните просторни услови за отпочнвуање со работа на музејот. Исто така, општината располага и со потребен стручен кадар за работа на музејот. Потребата од музеј во Кочани е евидентна, со оглед на присутноста на археолошки, културни и етнолошки и други богатства што ги има општината, а на основа на тоа го поставувам следното прашање: зошто досега иако поминаа 4 години Министерството за култура се уште ја стопира активноста за отпочнвуање со работа на миуејот и како државата мисли да ги заштити своите културни, археолошки и етнолошки богатства.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Мусовски Ферид.

**ФЕРИД МУСОВСКИ:**

Почитуван потрпетседател, почитувани пратеници, почитувани министри, ќе поставам неколку прашања:

IV/9.-

Првото прашање до Министерството за правда - до каде е стечајната постапка во текстилната фабрика "Бигорски" од с.Ростуше - гостиварско, кој е стечаен управник и што до сега е реализирано од истата постапка.

Второ прашање, до Министерството за стопанство - што планира да преземе Министерството за стопанство за развојот на стопанство во Мавровско- Р еканскиот регион за да не дојде до масовно иселување на населениот од овој ридско - планински крај. Напомнувам дека стопанството е во тотален колапс и единствено се поддржува една - две организации што се потпомаагаат од одреденото Министерство.

Третото прашање, до Министерството за сообраќај и врски - кога планира јавното претпријатие од Гостивар за одржување на локалните патишта да отопочне со реконструкција на оштетениот локален пат Ростуше - с.Велебрдо кој е оштетен за време на поројните дождови во јануари оваа година. Иако поминаа скоро 5 месеци од доставеното писмо и контакти со соодветниот директор, до денес јавното претпријатие нема ништо преземено и ако е надлежно да го доведе патот во првобитна положба.

До Министерството за сообраќај и врски, кога ПТТ Македонија, одделението за инвестиции ќе отпочне со реконструкција на истиот пат каде е оштетен кабелот за телефонската централа на истото место, бидејќи без телефонска врска се селата: Велебрдо, Требиште, и Битуше во траење повеќе од 4 месеци.

На поставените прашања барам писмен одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Збор има г-дин Пецов Мирко.

IV/10.-

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитуван потрептеседелен почитувани пратеници, Прво, само една напомена, бев прочитан дека сум добил одговор на пратеничко прашање, меѓутоа, тоа не е точно, во моите материјали го нема.

Повод да поставам прашање ми даде широката расправа за состојбата во стопанската гранка за тутунопроизводството. Чувствувам дека такви расправи кога - тогаш ќе ги имаме во Собранието за сите стопански гранки, а Владата треба да има свои одговори. Затоа прашувам дали нашата Влада почнала барем со изработка на структурна анализа по стопански гранки на македонското стопанство од каде ќе произлезе стратешката национална определба за секоја стопанска гранка и каде ќе и биде местото во националната економија за постигнување оптимални резултати на целокупното македонско стопанство. Ако не почнала, кога ќе почне и кога ќе биде готова?

Образложение, во добро организираните пазарни економии постои наука за структурана анализа на секое национално стопанство и во дадените пазарни услови се прави стратегија кои се нашите предности и во кои гранки и како тие предности ќе ги реализираме на светскиот пазар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговор барате по писмен пат?

Има збор г-динот Жута

**БЕЌИР ЖУТА:**

Министерството за развој е во фаза на подготовка на концепцијата за стратегијата за развојот на РМ во наредната деацинија со еден предлог до 2000-та година како пократкорочна верзија.

Концепцијата е во фаза на консултација и се уште со Академијата на науките и уметностите и некои научни институции за да се зацврстат определени дилеми односно да се расчистат определени дилеми кои стојат во тој поглед и да се утврди дефинитивна платформа што ќе биде презентирана пред Владата за да стане концепт на Владата и да продолжи организацијата и финансирањето на изработувањето на тој концепт за стратегијата. Временски сето тоа е сврзано до крајот на мај со Академијата и научните институции во текот на јуни пред Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Од ова пратеникот е задоволен од одговорот.

Има збор г-динот Соколовски.

V/1 РД/СЛ

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата. Имам намера да поставам две прашања, првото прашање се однесува до Министерството за урбанизам и градежништво, а гласи:

"Зошто Министерството не ја почитува обврската преземена со финансирање на водоснабдување со цистерни со вода во регионот на селата Ракотинци и Добридол"?

Образложение: Овие две села кои се приградски села на град Скопје веќе два месеци немаат никакво снабдување со вода. Постои опасност од појавување на епидемија, односно на распуштање на школото, основното училиште кое се наоѓа во селото Ракотинци.

Второ прашање до министерот за сообраќај и врски , односно до Министерството за сообраќај и врски, а гласи:

"Зошто е намален интензитетот на изградбата на пругата Исток - Запад, со оглед на фактот дека дел од средствата кои се очекувани да се добијат за овој проект веќе се добиени"?

Образложение: Изградбата на ваквиот проект е од големо значење за нашата држава од економски, социјален карактер и сметам дека ваквиот интензитет треба да се забрза.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

По однос на првото прашање веднаш да одговорам бидејќи Министерството за урбанизам нема никаква обврска да ги снабдува овие села со вода, ова е во исклучива надлежност на Општинското собрание. Она што Министерството го правеше во изминативе години е чисто

добра волја на ова Министерство и на луѓето кои работат во тоа Министерство да се снаоѓаат во решавање на проблемот со водоснабдувањето на луѓето во овие три села кои ги спомнавте. Мислам дека долго време градот останува нем или глув на проблемите на луѓето кои се во овие села за обезбедување на вода и надлежноста која е исклучиво нивна ја префрла во надлежност на Министерството. Мислам дека општинските органи кои се на тоа подрачје треба што повеќе да се ангажираат и проблемот брзо ќе биде надминат.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Јас само би сакал да потсетам дека ваквите обврски за финансирање се преземени уште од 1993 година на 26 април на состанокот кој е одржан на ниво на Министерството, вклучувајќи ги сите фактори кои што се и на градот и на општината и морам да кажам дека направени се трошоци некаде од прилика 10 милиони денари односно пренесени се досега околу 1600 цистерни со вода. Досега тие пари не се обезбедени од Министерството, односно градските фактори чекаат , поточно кажано Јавното претпријатие "Комунална хигиена" овие средства да влезат на сметка на Градското Собрание, односно на Јавното претпријатие "Комунална хигиена".

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Мислам дека во одговорот еден погрешен праг од кој се поаѓа, а во договорот кога се излезе на терен пред две години беше констатирано дека Министерството ќе го снабдува тој регион со вода само во моментите кога ќе биде критично. Тоа всушност го прави Министерството и во сите останати региони на Републиката. Само во моментот кога нема вода.

V/3.-

Со оглед дека тој терен перманентно нема вода треба луѓето во Собранието да ги направат сите потребни активности да не се снабдуваат со вода перманентно луѓето таму, туку тоа да биде трајно решение. И впрочем обврската на Министерството према јавното претпријатие "Комунална хигиена" ги исполнува со исплаќање на средствата во вид на нафта и нафтени деривати за луѓето кои работат. Значи обврската е исплатена , можеби не целосно, но во голем дел, но поради тоа што понатаму не може да се исплаќа на ваков начин во ова претпријатие ги прекинуваат сите обврски према тоа претпријатие. Затоа уште еднаш ги повикувам луѓето и прашањето треба да се постави во Собранието, таму каде што е надлежно да се разреши овој проблем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали сте задоволни од одговорот или ќе барате на писмено да се одговори. Пратеникот бара и писмен одговор.

**ПЕРСИДА МАЛИНСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници. Сакам да поставам едно прашање до Министерството за образование и физичка култура и барам одговор во писмена форма.

"Дали постои можност за формирање на стручна институција која во континуитет би се занимавала со уписната политика, т.е. истражувачката активност во областа на планирањето на образованието на здравствените кадри за потребите на нашиот здравствен систем во Република Македонија. Ако постои можност, кога, каде и со кои кадри ќе биде формирана"?

Би сакала збор - два образложение: Било какви подолгорочни рестриктивни мерки во вработувањето на здравствените работници во Република Македонија не ќе можат да се спроведат, доколку не се

преземат паралелни мерки на рестрикција во системот на образование на здравствените кадри. За жал Медицинскиот, Стоматолошкиот, Фармацевтскиот факултет, двете виши школи, сите медицински училишни центри во Република Македонија од поодамна формираат кадри кои после дипломирањето завршуваат во заводите за вработување. Загрижувачката невработеност нема никакво влијание на уписната политика и понатаму упорно, неаргументирано без стручно валоризирани аргументи продолжува зацртаната уписна политика, како резултат од планирање од политички структури, а не од стручни квалификувани институции.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Уставниот суд на Македонија, полека по сопствена иницијатива поведе постапка за оценување на уставноста на некои одредби од Законот за заштита и промет на земјоделското земјиште. При тоа донесе одлука со која се укинати одредбите кои не дозволуваат правните и физички лица од еден селски атар да купуваат земја во друг селски атар. Со овој потег на Уставниот суд, сметам дека се загрозени државните интереси во областа на земјоделството. Прашувам, дали Владата на РМ има сознание од февруари наваму, откако се укинати овие одредби од овој закон, како тече односно како се одвива продажбата на земјата од едно подрачје на друго и со оглед на тоа што со менувањето на овие одредби се создаваат можности за создавање на повторно враќање на колонистите во нашава држава и купување на странска земја кој каде ќе стигне, сметам дека не ќе биде добро за нашава држава. Ние одиме во Европа, а Европа не знае слободен пазар на земја.

V/5.-

Прашувам, дали Владата на РМ планира наскоро да ја спречи оваа тешка неправда.

Второ, вчера слушнавме дека Владата на РМ ја донесе цената за пченицата за оваа година, дали е таа ниска или превисока ќе каже времето меѓутоа, сега би поставиле едно прашање. По два месеци во нашава држава треба да почне жетвата на лебното жито. В& јавноста се шират гласови дека сите амбари на мелчничката индустрија се преполни со увозна пченица. Прашувам, дали Владата на РМ има сознание кој увозник колку пченица сега има увознено во нашава држава, дали за таа пченица се платени прелевманите, на која сметка се платени овие прелевмани и каде се строшат. И на крајот уште едно прашање во битката за социјализација на нашето село и земјоделство, скоро на сите македонски села им се грабнати селските утрини и селските пасишта. Сега на прагот на приватизацијата голем дел од овие утрини и пасишта, оние што сега стопанисуваат со нив ги ставаат во хипотеки. Прашувам кога овие утрини и пасишта ќе им бидат вратени на нашите села.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседавач, почитувани колеги, почитувани министри. При разгледувањето на годинашнава програма за изградба и одржување на патната структура во Република Македонија, како и при разгледувањето на истата таа програма во претходниот состав, како и разгледувањето на долгорочната програма за патишта укажано беше СИЗ-от за патишта да биде трансформиран, односно да ја дели судбината на останатите СИЗ-ови кои се укинати што всушност претставува и уставна обврска од Уставот од 1992 година.

Моето прашање е упатено до Владата, односно до Министерството за правосудство, а е во функција на првата точка од дневниот ред од оваа седница. Дали е уставно и законски СИЗ-от за патишта да се јавува како овластен легитимен потписник на Договорот за заем помеѓу меѓународната банка за обнова и развој и СИЗ-от за патишта.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате во писмена форма? Дали може во писмена форма да се даде одговор? Имаме од Владата одговор дека ќе одговорат на писмено.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, господа министри. Моето прашање е упатено до г-динот министер Фрчковски и се однесува за следното: Многу граѓани во Република Македонија, кој се населени од соседни или други држави и кои живеат подолго време во Македонија, не го исполнија бонусот од 15 години да се стекнат со право за државјанство. На сите нив им фалеше некој временски период. Прашањето е дали со исполнување на овој временски период, автоматски се стекнуваат со правото на државјанство и дали треба да поднесат посебно барање бидејќи еднаш веќе имаат доставено за државјанство. Би сакал ако е г-дино министер спремен веднаш да одговори.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Стекнувањето на државјанство со исполнување на временскиот рок од 15 години, односно по член 26 од Законот е право кое се искористува во оној период во кој Законот беше даден рокот. Имено со истекување на

тој период , не е возможно повторно да важи барањето кое лицето еднаш го поднело, односно државните органи утврдиле дека не го исполнуваат рокот. Така да лицата кои биле одбиени за прием на државјанство под тој услов по член 26 остануваат во статус на странци. И тие можат дополнително да поднесат барање за стекнување државјанство, но тогаш по член 7 на Законот за државјанство, о&носно оној дел кој важи за сите странци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали сте задоволни од одговорот? Задоволен.

**НИКОЛОВСКИ ДУШКО:**

Почитувана господо , моето прашање е упатено до министерот за правда и гласи: Дали учеството на синдикалните членови, како делегирани членови во советите на културните институции, како што се домовите на културата, културните центри, младинските културни центри, пионерските домови и слично е законито и оправдано. Би го проширил со следново прашање. Каков е статусот на советите, односно законитоста на советите составени од членови на Републичкиот парламент, вработени во институциите и Синдикатот и културните институции.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Влада. Јас имам само едно прашање се однесува до Министерството за образование и физичка култура, кое гласи: Дали имаат свој сопственик напуштените училишни згради во Криво-паланечките села и ако има кој е тој и зошто истиот не ги одржува овие училишни згради. Со неколку збора само една мала поткрепа на ова прашање. после Втората светска

војна во Република Македонија и во криво-Паланечко неписменоста била доста висока. За да се надмине оваа состојба, тогашната власт пристапила кон изградба и отворање на училишта во сите села во Крива Паланка. Училишните згради во тогашно време се градени со доброволно работно ангажирање на месното население. Со индустријализацијата на земјата Криво-паланечките села масовно се иселуваат, така да во периодот од 1976,^1986 година се затвараат овие училишта. Потоа овие училишни згради се оставени на забот на времето т.е. сами на себе. Така што некои од нив денес се наоѓаат во многу лоша состојба, веќе се распаднати. Сега со новонастанатата состојба во државата и во македонското стопанство во период од 1990 година па наваму, нашите села се повеќе заживуваат, народот се повеќе се задржува во селата, а имаме и една миграција град - село, така да во одредени села веќе условите за отворање на овие училишта се созреани, меѓутоа отворање, но каде Тие се распаднати. Барам одговор во писмена форма од Министерството

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Прво прашање до Владата, односно до Агенцијата за трансформација на 25-те загубари. Дали во платата на технолошките вишоци, односно на невработените^со трансформација на 25-те загубари е содржан и придонесот за здравство. Колкава е, неговата финансиска вредност, ова од аспект на обесштетување на Фондот за здравство, односно од појдовната основа на Законот за трансформација на 25-те загубари, каде што се зборува дека за последните 4 месеци од 1994 година, придонесот за здравство се трансформира во влог на претпријатието. Ова од аспект што кога се одвиваат двата процеса трансформација, која продуцира невработени и рецесија која не може да

прифаќа невработени настанува десоцијализација на фондовите во конкретниот случај, на Фондот за здравствено осигурување и тој ја губи својата социјална функција што многу неповолно се одразува на населението.

Второ прашање повторно до Владата , односно до Агенцијата за продажба на деловниот простор. Постојат состојби каде што дел од деловниот простор е сместен и со него се користат јавни здравствени организации. Прашањето е дали овие јавни организации, кој што се формирани со Предлог закон на Влада, односно со Закон на Собрание и спаѓаат во секторот јавен интерес, треба да и плаќаат на државата кирија откога се формирани.

VI/1. -СЈ/МЛ

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Трето, до Министерството за образование.

Присутна е појавата на барање на обавување на приправнички стаж на поедини звања од другите држави на поранешниот ЈУ простор. Дали здравствените организации во конкретниот случај, поставувам прашање можат да ги прифаќаат овие граѓани и овие дипломи на државите со кои што Република Македонија не го има на релевантен начин регулирано прашањето на меѓусебни разговори. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате во писмена форма.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Да.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Што се однесува до првото прашање бидејќи се работи за законска регулатива мислам дека би требало веднаш да се одговори и тоа во однос на заостанатите плати на оние работници кои што се прогласуваат за технолошки вишок до 17 јануари се плаќа исклучиво пензиско и инвалидското осигурување. Што се однесува до здравственото осигурување се трансформира во влог. Колкав е тој износ ќе видиме со пријавувањето на обврските од страна на сите доверители. Што се однесува после 17 јануари, сите работници кои што се на работа при добивањето на плата мора да ги платат сите обврски и во однос на оние што се во Заводот за вработување додека примаат надоместок,исто така се плаќа придонесот за здравствено осигурување.

VI/2. -

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали сте задоволни со одговорот господине Трпеновски? (Да).

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитувана господо имам две прашања.

Првото е до Министерството за надворешни работи, барам да ми се^одговори зошто дојде од 15 мај, понеделникот до воведување на визи за нашите граѓани при патување во Австрија кога се воведе од Европската Унија од седумте држави да важи една виза и кога така да кажеме се либерализира нашиот влез на граѓаните од другите држави, сега одеднаш во Австрија која што е клучна за патување на нашите граѓани и еден пат преку кој мора да се мине дојде до воведување на визен режим со оваа држава. Барам да ми одговори МНР.

Второ прашање на седницата кога овој Парламент даваше согласност за Програмата за изградба, реконструкција и одржување на патната мрежа во Македонија за 1995 година имаше дискусија и на министерот за сообраќај и врски му поставив тогаш прашање, зошто патниот правец не е влезен во Програмата за оваа година Ранковци - Крива Паланка - Деве Баир. Тој тогаш на оваа говорница вети, дека е клучен правец за Македонија во сообраќајот и се согласи дека тој патен правец ќе влезе во Програмата за изградба во оваа година. Пред извесно време следејќи го Собранието на Републичката СИЗ за патишта и читајќи ја "Нова Македонија" тој патен правец не го за- бележав или ако не сум го забележал може да ме коригираат.

Барам точна информација од Министерството за сообраќај и врски дали патниот правец Ранковци - Крива Паланка - Деве Баир е влезен за изградба во оваа година во Програмата на Републичката СИЗ за патишта или не.

Благодарам.

VI/3.-

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, драги пратеници.

Јас имам две пратенички прашања. Едното всушност е повторно повторување по трет пат.

Првото пратеничко прашање е следното: Има организации кои кон крајот на годината се приватизираа или кои сега во овие наредни месецќ4 ќе треба да се приватизираат, а користеле кон крајот на годината средства од ФНП или сега ќе користат средства. Ме интересира овие средства се неповратни. Чии капитал ќе биде ова?

Второто прашање, го поставувам по трет пат, прашањето за задругарството. Кога законот за задругарство ќе се донесе. Слушаме, односно минатата недела се организираа трибини дека задругарството односно земјоделско индустриските комбинати треба да останат и понатаму државни, јас мислам дека приватизацијата како што е влезена во другите делови би требало исто така и во земјоделието.

Овие се тие две прашања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали сака уште некој пратеник да постави прашање? (Не).

Бидејќи нема, завршуваме со пратеничките прашања и предлагам да поминеме на првата точка од дневниот ред затоа што единствено тоа има смисла она што го изгласавме таа да биде прва точка на дневен ред. Предлагам да завршиме со првата точка, а утре да продолжиме во 10 часот.

Според тоа, предлагам првата точка, бидејќи така го изменивме редоследот гласи

Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем меѓу Меѓународната банка за обнова

и развој и Републичката самоуправна интересна заедница за патишта за Проектот за подобрување на транспортот, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем меѓу Меѓународната банка за обнова и развој и Републичката самоуправна интересна заедница за патишта за Проектот за подобрување на транспортот.

Кој е за, молам да крене рака?

Пратениците креваат рака.

Благодарам.

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Господине Митевски вие баравте деловничка интервенција.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Во законот, односно во Предлогот за донесување на законот кој го усвоивме навистина Стручните служби нема смисла да си доставуваат вакви законски текстови и барам навистина лекторските работи да се исправат и не може, во истиот стојат, на пример зборовите: "коштање" место да биде "чинење", понатаму се сретнува зборот "запослување" место "вработување".

VI/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам не е тоа деловничка интервенција. За тоа можете во расправата да учествувате.

**ДРАГАН МИТЕВ:**

Не е тоа за расправа, но вакви работи од Стручните служби навистина нема смисла да одат во еден законски текст.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во секој случај, бидете сигурни, при утврдување се лекторира текстот на законите пред нивното објавување.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака?

Благодарам.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес,

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 4.

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласи и повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници гласаа за).

Кој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува? (Никој).

(Пратениците во салата побараа уште еднаш да се гласа).

Молам да се изброи колку пратеници се присутни во салата, па ќе го повториме гласањето.

68 пратеници се во салата.

Молам, кој е за Предлогот на законот да крене рака?

64 пратеници гласа за.

Кој е против? (Никој).

Кој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем меѓу Меѓународната банка за обнова и развој и Републичката самоуправна интересна заедница за патишта за Проектот за подобрување на транспортот.

Утре во 11 часот ќе продолжиме со работа.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот).